ВРБЈАНСКА ЧУКА

ЗРНО ПО ЗРНО, ПОГАЧА



ВРБЈАНСКА ЧУКА

ЗРНО ПО ЗРНО, ПОГАЧА

Прилеп 2025

Издавач:
НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп

За издавачот:
Мимоза Христоска

Автор на изложбата:
Гоце Наумов

Соработници на изложбата:
Оливера Јандреска, Владимир Крстески и Душко Темелкоски

Дизајн на изложбата, каталогот и плакатот:
Гоце Наумов

Насловна фотографија:
Адам Ваго (Филдов музеј)

Техничка обработка:
Гоце Наумов и Биљана Темелкоска

Лектура:
Елена Апостоловска

Партнер на изложбата:
Центар за истражување на предисторијата

Изложбата е финансиски поддржана од:
Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
во рамки на проектот „70 години НУ Завод и Музеј - Прилеп“

© Илустрациите во публикацијата се во сопственост на НУ Завод и Музеј - Прилеп и Центарот за истражување на предисторијата

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

СОДРЖИНА

Вовед 5

10 години истражување на Врбјанска Чука 8

Природното опкружување на Пелагонија 17

Хронологија на Врбјанска Чука 19

Населбинскиот карактер на тумбата 21

Стопанството на првите земјоделци 26

Домаќинство и занаети 29

Верувања и обреди 32

Заклучок 37

Истражувачи на Врбјанска Чука 40

Литература за Врбјанска Чука 44

Илустрации 48

Изложбата „Врбјанска Чука: зрно по зрно, погача“ има повеќе пластови на идеи и исто како археолошките локалитети, креира цела стратиграфија од значења. Самиот наслов претставува народна метафора, која од една страна се однесува на почетоците на земјоделството во Пелагонија и на тоа како преку собирањето зрна од житото, постепено се создава храна неопходна за населението кое го создава и одржува светот на Врбјанска Чука пред 8 000 години. Од друга страна, насловот е поврзан и со темелната и посветена работа на тимот истражувачи кои постепено, слој по слој, ги откриваат тајните содржани во оваа тумба. Во период од десет години Центарот за истражување на предисторијата и НУ Завод и Музеј – Прилеп, преку плодна соработка со бројни европски институции, континуирано ја проучуваат Врбјанска Чука. Резултатите од оваа мултидисциплинарна и меѓународна соработка се темелат на претходните истражувања на локалитетот во 1980-те години и како изложбена целина, за првпат се претставуваат пред јавноста.

Овој пристап на аплицирање методи од повеќе науки и вмрежување стручњаци од разни земји, дополнително формира слоеви во значењето што Врбјанска Чука го има за македонската и светската археологија. Ваквите научни слоеви се рефлексија на комплексната стратиграфија на оваа тумба, полна со разновидни остатоци од архитектура, материјална култура, стопански и духовен живот, но и со извонредни одблесоци на секојдневните и обредните активности. Во таа насока е воедно и оваа изложба, која стреми кон тоа да ја прикаже разновидноста на културното наследство на Врбјанска Чука, како и богатите сознанија добиени преку нејзиното темелно истражување. На тој начин, како и зрната жито кои во минатото и сегашноста на овој локалитет се извор на храна, така и изложбата веруваме дека ќе го храни љубопитството и духот на посетителите.

Од организаторите

Вовед

Археолошкиот локалитет Врбјанска Чука е еден од најзначајните претставници на предисториското културно наследство во Македонија. Истражуван во повеќе наврати, овој локалитет даде сосема нови сознанија за почетоците на неолитот во Пелагонија и за тоа како овој процес се одвивал понатаму низ Балканот. Формирана пред околу 8 000 години како тумба карактеристична за пелагонската рамница, оваа неолитска населба изобилува со остатоци од градби и материјална култура коишто ни отвораат порти во времето на првите земјоделски општества во Македонија. Благодарение на обемните истражувања, сега знаеме како и кога точно е основано и напуштено ова неолитско село, но и на кој начин ова место подоцна функционира во антиката и средниот век. Бројните градби, артефакти, погребувања и остатоци од животни и растенија ни говорат за динамичниот живот на оваа тумба и за тоа какво било нејзиното опкружување. Имајќи ги предвид сите овие податоци, може да се направи сеопфатен преглед на Врбјанска Чука и во сожета форма, преку текст, илустрации и изложба, да се презентираат клучните карактеристики на ова значајно археолошко наоѓалиште.

Локалитетот Врбјанска Чука се наоѓа во северниот дел на Пелагонија, на идентична оддалеченост од селата Славеј и Врбајни, односно 1.4 км јужно т.е. југоисточно од нив. Тој е откриен во 1979 година од Зоран Колчакоски, жител на селото Врбјани, кој забележал одредени активности на тумбата и ги пријавил во тогашниот Народен музеј во Прилеп. Имено, станувало збор за експлоатација на песок кој се наоѓа под културните слоеви, што довело и до нивно уништување во источниот дел на локалитетот. Благодарение на љубовта кон културното наследство на овој жител на Врбјани и заложувањето на веќе реформираната институција Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и музеј – Прилеп, локалитетот бил спасен од натамошно уништување и потоа бил систематски истражуван во повеќе археолошки кампањи.

Во периодот од 1979 до 1989 година локалитетот Врбјанска Чука е истражуван во неколку наврати, и тоа под раководство на Благоја Китаноски, а во соработка со Драгица Симоска и Борислав Јовановиќ. Во првите археолошки кампањи целта била да се заштити она што е оштетено, при што направено е истражување и конзервација на неолитски амбар, кој е целосно пренесен и изложен во музејот. Потоа се истражувала градбата во која овој амбар се наоѓал, што во понатамошните кампањи било проследено со откривање и на други објекти во археолошката сонда, поставена во централниот дел на тумбата.

Притоа, биле констатирани уште неколку градби и бројни артефакти, што придонело во дефинирањето и на културниот карактер на Врбјанска Чука. Благодарение на овие сознанија, се потврдило дека локалитетот функционирал претежно во неолитот, но исто така биле откриени антички и средновековни слоеви, што укажува дека тумбата не била користена само во предисторијата.

Врз основа на мноштвото откриени археолошки предмети, предложено е дека неолитската населба на Врбјанска Чука била дел од културната група Велушина-Породин, карактеристична за Пелагонската Котлина. За тоа говорат прекрасните белосликани садови со орнаменти и типологија вообичаени за овој регион, потоа специфичните антропоморфни модели на куќи и жртвеници, минијатурните фигурини, како и мноштвото кугли за праќа, исто така чести на тумбите во Пелагонија. Тие биле откриени во или покрај градби сочинети од ѕидови од лепеж, вметнат и премачкан преку масивни дрвени столбови, помали колци, прачки и штици, додека во ентериерот исто така биле присутни глинени печки и огништа. Што се однесува до подоцнежните периоди, не биле откриени остатоци од градби, но неколкуте монети, накит и бројните фрагменти од садови посочиле активности на тумбата во доцната антика, но и нејзино функционирање како средновековна некропола и потоа како место на кое се чувало жито во јами-силоси.

Како резултат на овие сознанија и ексклузивни неолитски наоди, Врбјанска Чука била етаблирана како значаен локалитет во македонската археологија и неретко афирмирана како еден од најистакнатите претставници на велушко-породинската културна група. Но и покрај ваквото значење, локалитетот понатаму не бил истражуван и не постоел интерес за негово натамошно развивање како споменик на културата. Тоа секако се должи и на политичките промени во 90-те години на минатиот век и финансиските тешкотии со кои се соочувала Македонија во тој период. Во секој случај, Врбјанска Чука и особено нејзината материјална култура и архитектура, биле присутни во неколку публикации и изложби, што на некој начин ја акцентирала нејзината битна улога во балканскиот неолит.

Сепак, после скоро триесет години научно затишје, повторно се започнува со ископување на Врбјанска Чука и со поголемо афирмирање на нејзиното значење, како за македонската, така и за светската археологија. Имено, во 2016 година Центарот за истражување на предисторијата заедно со НУ Завод и Музеј – Прилеп, започна нова археолошка кампања на локалитетот, која континуирано без прекин трае до денес. Оваа плодна соработка резултираше со точно десет систематски истражувања на тумбата, а во кои учествуваа и бројни европски институции. Тоа овозможи уште на самите почетоци да се постават темели и насоки за меѓународно

и мултидисциплинарно проучување на Врбјанска Чука, што на високо научно ниво и во светски рамки ќе го афирмира овој локалитет како извонредно важен во процесите на неолитизација низ Балканот.

Ваквиот темелен пристап вроди со плод и сега Врбјанска Чука е дел од многу светски реномирани публикации и изложби, а воедно станува и референца за балканскиот неолит. Благодарение на извонредните резултати добиени од мултидисциплинарните истражувања, сознанијата на меѓународниот тим се објавени во врвни научни списанија од Оксфорд, Кембриџ, Берлин, Париз и Вашинтон, а дел од артефактите се претставени на изложби во Њујорк, Чикаго, Отава и Удине. Токму затоа, изложбата „*Врбјанска Чука: зрно, по зрно, погача*“, претставува осврт на она што е сработено во последните 10 години, како и резимирање на сите добиени резултати. На овој начин би сакале да го истакнеме значењето на Врбјанска Чука и да го доближиме локалитетот поблиску до сите љубители на минатото.



Поглед кон локалитетот Врбјанска Чука од југ (фото: Гоце Наумов)

10 години истражување на Врбјанска Чука

Врбјанска Чука е локалитет којшто е добро познат во археолошката јавност и особено меѓу предисторичарите, пред сè благодарение на импресивната материјална култура и архитектура. Истражувањата и конзервацијата во 1980-те години од страна на НУ Завод и Музеј – Прилеп, придонесоа ова наоѓалиште да го најде своето место во археолошката карта на Македонија и да се истакне како еден од највидните претставници на пелагонскиот неолит. Имајќи го предвид големиот потенцијал на Врбјанска Чука и развивањето нови методи и технологии во археологијата, неопходно беше нејзе да ѝ се пристапи со истражувачка стратегија која ќе примени современи алатки и ќе овозможи уште поголема меѓународна афирмација на овој локалитет. Поради тоа, Центарот за истражување на предисторијата и НУ Завод и Музеј – Прилеп презедоа иницијатива за ново проучување на оваа тумба и во 2016 година ги започнаа првите научни активности. Оттогаш секоја година истражувањето континуирано се изведува преку систематско ископување на археолошката сонда и документирање на наодите, но и со помош на мултидисциплинарни анализи.

Уште во самите почетоци се поставија главните насоки на проучување, а кои преку соработки со врвни домашни и странски стручњаци акцентираат примена на методи кои ретко или воопшто не се користат во македонската археологија. Тоа се направи со цел многу подетално да се разбере овој локалитет, но и многу подоследно да се интерпретираат неговите обележја. Поради тоа, Врбјанска Чука во моментов претставува најкомплексно истражуван предисториски локалитет во Македонија и тоа особено во доменот на различните и бројните методи и анализи кои досега се применуваат. А за тоа, покрај плодната соработка меѓу Центарот за истражување на предисторијата и НУ Завод и Музеј – Прилеп, заслужни се повеќе професионалци и студенти од Македонија, Германија, Швајцарија, Србија, Полска, Шпанија, Италија, Чешка и Словенија.

Покрај стандардните археолошки методи, уште од самите почетоци на истражувањето на Врбјанска Чука се применува систематско реконосцирање, геофизичко скенирање, радиокарбонско датирање, геоархеологија, археоботаника, зооархеологија, анализа на масните киселини, алатките и техниките на ткаење, како и дигиталното елевациско моделирање, фотограметриско моделирање, ласерско скенирање и 3Д реконструкции. Заслужни за примената на овие методи се бројни стручњаци од Институтот за старословенска култура, Музеј на Македонија, Германскиот археолошки институт, Универзитетот во Базел, Универзитетот во Белград, Шпанскиот национален научен совет,

Електротехничкиот факултет во Цирих, Долмен од Краков, Универзитетот во Лидс и други.

Како резултат на оваа меѓународна соработка и вклучувањето на бројни археометриски методи, истражувањата на Врбјанска Чука придонесоа за многу потемелно разбирање на неолитската населба и почетоците на земјоделството во Пелагонија, но исто така и за стопанскиот и обредниот живот на оваа тумба во антиката и средниот век. Во голема мера, овој мултидисциплинарен пристап е дел од начелата на Центарот за истражување на предисторијата, применет во различни проекти кои се однесуваат на проучувањето и други археолошки локалитети во Пелагонија и во Охридско-преспанскиот и Скопскиот Регион. На таков начин, добиени се сосема нови перспективи за функционирањето на предисториските населби, меѓу кои Врбјанска Чука зазема особено место. Квантитетот и разноликоста на теренски и лабораториски податоци за овој локалитет, овозможуваат потемелен увид во неговиот археолошки карактер, но воедно и многу подоследно негово претставување пред научната и поширокатa јавност.

Археолошки карактер на локалитетот

Благодарение на интензивните истражувања на Врбјанска Чука во последните десет години, добиени се многу сознанија за нејзиниот археолошки карактер. Тие во одредена мера се надоврзуваат на веќе познатите информации од претходните истражувања, но и значително придонесуваат за многу подетално и сосема ново разбирање на локалитетот. Во оваа пригода ќе се направи сожет преглед на главните карактеристики, додека во поглавјата подолу тие подетално ќе бидат презентирани.

Археолошкиот локалитет Врбјанска Чука претставува тумба со висина околу 3,5 метри и зафатнина од околу 180 x 140 метри. Таа е формирана околу 6000 година пр.н.е. како неолитска населба сочинета од повеќе куќи изградени од дрвени колци и премачкани со лепеж. Во централниот дел на неолитската населба регистрирани се три архитектонски хоризонти со вкупно седум градби или нивни обнови, подигнати една врз друга, што придонело и кон формирање на обликот на самата тумба. Во оваа неолитска населба биле применети земјоделството и сточарството како нови стопански гранки, што било пропратено со разни занаети и верувања. Како резултат на тоа се започнало со произведување на разни керамички садови, камени и коскени алатки, текстил и накит кои упатуваат на секојдневниот живот на едни од првите земјоделци во Пелагонија. Останатите форми на материјална култура и ритуали укажуваат на верувањата и обичаите на

ова неолитско население, меѓу кои може да се истакнат моделите на куќи, скалестите жртвеници, фигуралните претстави на луѓе и животни, како и погребувањата во рамки на самите градби. Динамичниот живот во оваа населба се одвивал во приближен период од 250 до 300 години, по што таа била напуштена

Во следните 5000 години немало активност на тумбата, но во античкиот период локалитетот повторно почнал да функционира. Благодарение на добиените сознанија од архитектонските остатоци, се претпоставува дека во првите неколку века од I милениум во новата ера, на тумбата имало т.н. римска вила рустика. Таа имала улога на стопански објект за обезбедување и дистрибуирање жито, што го потврдуваат и повеќето откриени јами-силоси од овој антички период. Овие јами-силоси продолжиле да се користат и подоцна во полниот среден век регистриран на овој локалитет. Тие дури биле и многу поинтензивно користени што поради нивното копање и длабочина, довело до оштетување на пораните неолитски и антички слоеви. Во периодот меѓу X - XII век н.е. тумбата функционирала и како средновековна некропола од која се откриени дваесетина гроба поставени во правец исток-запад. Тоа посочува на христијанско население погребано на тумбата, а за кое не се знае дали потекнува од некое од околните села или градови присутни во Прилепскиот Регион во средниот век.



Археолошката сонда на Врбјанска Чука (фото: Раул Сотерас)

Оттогаш, Врбјанска Чука не била повторно користена, барем не до времето на истражување во XX и XXI век кога таа добива нова улога како научен простор, но и како место на кое се одржуваат концерти со цел да се афирмираат нејзиниот карактер и значење. Во прилог следат методите на истражување и репертоарот на научни дисциплини со помош на кои многу подлабоко се навлегува во животот на оваа тумба.

Археолошко ископување и документирање

Примарниот пристап и основната форма на добивање податоци за Врбјанска Чука е археолошкото ископување. Просторот на истражување на локалитетот подразбира археолошка сонда со димензии од 30 x 20 метри и длабочина од околу 2 метри, што ја прави една од најекстензивно истражуваните предисториски целини во Македонија. Сондата, која се наоѓа во централниот дел на тумбата, претставува продолжеток на онаа која е отворена во 1980-те години и поради тоа е применет истиот систем на квадрати, а со цел да се добие појасно следење и поврзување на новите и старите археолошки појави. Квадратите имаат димензии од 5 x 5 метри и истражувани се вкупно 24 квадрати во рамки на сондата, што овозможува детално регистрирање на градбите и археолошките контексти во централниот дел на локалитетот.

Ископувањето и документирањето во сондата се изведува со помош на Харисова матрица, односно со регистрирање на сите појави како стратиграфски единици, со што се избегнува вештачкото определување на откопи, а со кои неретко се оштетуваат или уништуваат цели археолошки контексти. Со оглед на тоа што ископувањето преку вештачки откопи не дава објективен увид во формациските процеси на археолошките локалитети, беше неопходно тоа да се отфрли и целосно да се примени документирање преку Харисовата матрица. Таа овозможува детално бележење на археолошките појави и нивно поставување во доследен стратиграфски сооднос. Примената на овој метод и регистрирањето на повеќе од 1000 стратиграфски единици, придонесе кон мошне прецизно следење на сите слоеви во кои има архитектонски елементи и остатоци од човечки активности, вклучувајќи ги и бројните наоди присутни во нив.

Како резултат на овој пристап евидентирани се бројни слоеви во разни делови на сондата, а кои се дел од три неолитски градежни хоризонти поврзани со седум објекти (или нивни обнови) градени еден врз друг. Со оглед на тоа што тие се концентрирани во централниот простор, не случајно го формираат и основниот тумбест облик на локалитетот. Истото се однесува и на античката вила рустика и бројните средновековни јами-силоси кои исто се претежно присутни во

централниот дел на локалитетот, така што нивното континуирано користење и активностите околу нив создале слоеви во овој простор и дополнително придонесле за тумбестиот изглед на Врбјанска Чука. На тој начин, формирана е комплексна стратиграфија која ја отсликува динамиката на живеење во разни епохи и која е сочинета од бројни објекти, структури, јами, гробови, асемблажи итн.

Поважните археолошки појави се документирани со фотографии и цртежи, додека целите ситуации и градби се фотографирани озгора со помош на дрон, при што направени се ортофотографии кои даваат појасен увид во аритектурата и обележјата околу неа. Со цел да се овозможи современо документирање на сондата или на одредени објекти и структури, се врши и нивно фотограметриско моделирање. Тоа овозможува длабинско 3Д документирање на овие појави што подеднакво се применува во кабинетското разгледување на археолошките контексти, но и во нивно дигитално презентирање пред научната и пошироката јавност. Имајќи го предвид изобилието на вакви содржини, како и бројните артефакти и органски остатоци во и околу нив, применети се различни методи на археологијата и нејзините сродни науки. На тој начин се добиваат многу повеќе податоци кои дозволуваат мошне темелно да се навлезе во животот на луѓето кои живееле во неолитската населба, но и во оној по неа.

Мултидисциплинарни методи

Современата археологија оди многу подалеку од само културно дефинирање на предисториските заедници и од посочување на евентуалните врски што тие ги имале. Таа тежнее да го разбере човекот во целост и особено неговото функционирање во рамки на општеството и околината во која тоа се формира и егзистира. Поради тоа, тековната археологија посега по други сродни дисциплини кои можат да обезбедат информации што не се достапни преку базичните археолошки методи. Како резултат на ваквите тенденции на археологијата, веќе неколку децении се развива она што популарно се именува како археометрија, односно мултидисциплинарна археологија. Во таа насока, Центарот за истражување на предисторијата и НУ Завод и Музеј - Прилеп ги следат овие современи археолошки текови и уште во самите почетоци на истражувањето на Врбјанска Чука, ги применуваат некои од најактуелните мултидисциплинарни методи кои овозможија сосема нова перспектива на неолитските заедници. Во прилог следи краток преглед на дел од методите кои се користат при истражувањето на овој локалитет, што ќе укаже на широчината на податоци и сознанија кои се добија во последните 10 години.

Со цел да се има увид во околината во која се формирала тумбата, неопходно беше да се направат *геоархеолошки анализи* и *систематско рекогносцирање* на просторот околу локалитетот. Притоа, се добија информации за егзистирање на предисториско мочуриште во близина на Врбјанска Чука, како и за присуство на уште неколку други тумби кои функционирале истовремено или подоцна во енеолитот, како што се Вис Коњарски, Бел Камен, Крушеанска Чука, Тумба - Боротино, Тумба - Мало Коњари, Тумба - Кадино Село, Тумба Галичани, Тумба - Пашино Рувци и Тумба - Заполжани. Со примена на *археоботаничките анализи* сега се знае дека Врбјанска Чука била опкружена со житни полиња и разни мочуришни растенија, а благодарение на овој метод се знае и каква исхрана имале нејзините жители. Што се однесува до неолитската исхрана и стопанството, исто така голем удел имаат и *зооархеолошките анализи* кои даваат податоци за видот на домашни и диви животни консумирани во населбата. Во тој домен, *анализите на липидите* т.е. масните киселини, дополнително говорат за храната што била готвена во неолитските садови и користењето на млечните продукти.

Што се однесува до самата тумба и населбата која нејзе ја формира, направени се повеќе видови на истражувања кои даваат прецизен увид во карактерот на тумбата и просторната организација на овој локалитет. Аплицирањето на *дигиталното елевациско моделирање* (ДЕМ), прецизно покажа каков е физичкиот изглед на тумбата, односно колкави се нејзината зафатнина и висина. *Геофизичкото скенирање* на тумбата со помош на магнетометар го потврди присуството на повеќе правоаголни градби, плански поставени низ населбата, а кои биле опкружени со масивен ров во неолитот. Врз основа на овие податоци сега имаме можност за доследна реконструкција на населбата, а која се прави и со *3Д моделирање* во форма на цртежи и анимации. Во таа насока е примената и на *ласерското скенирање* и *фотограметријата* кои освен што даваат можност за „теренско истражување“ на сондата од дома или од канцеларија, исто така овозможуваат дигитално моделирање на населбинскиот простор на локалитетот.

За точно да се определи времето во кое функционирала неолитската населба, но и античката вила рустика и средновековната некропола, континуирано се прават *радиокарбон анализи* (C^{14}). Дотолку повеќе, преку *Бејзовото моделирање* на калибрираните дати, уште попрецизно се утврдуваат фазите и хронолошките етапи за секоја од датираните градби. Некои од овие дати се добиени од човечки примероци, така што претходно се правени и *антрополошки анализи* врз нив, примарно со цел да се утврдат нивниот пол, старост, болести, исхрана, повреди и др. Што се однесува до луѓето и нивните активности, исто така

се прават *технолошки анализи* на алатките, лепежот и текстилот, а кои покажуваат како тие се изработени и користени.

Во примената на овие методи вклучени се бројни македонски и странски стручњаци кои темелно ги проучуваат сите горе наведени аспекти на археолошкиот локалитет. Потоа, со интегрирање на нивните сознанија и корелирањето со теренските податоци, се прави сеопфатно толкување на Врбјанска Чука, кое во моментов може да се смета за едно од најопсежните и најпрецизните во македонската археологија. Со аплицирањето на овие методи се избегнуваат сите паушални интерпретации на локалитетот, кои не се воопшто ретки меѓу археолозите и љубителите на минатото од Балканот. За да се избегнат овие вообичаени научни стапици и воедно да се надминат традиционалните неаргументирани пристапи, при истражувањата на Врбјанска Чука постојано се користи мултидисциплинарната археологија. Тоа овозможи овој локалитет да се разбере и интерпретира многу попрецизно и потемелно отколку преку неговите истражувања во 1980-те години, што секако е резултат и на тековните научни трендови кога овие методи се многу поактуелни отколку пред три-четири децении.

Сето ова дава многу можности во доследното презентирање и афирмирање на Врбјанска Чука, како сега, така и во иднина. На овој локалитет му престои натамошно истражување и уште поголемо претставување пред научната и светската јавност. Благодарение на мултудисциплинарните методи можат да се направат различни видови реконструкции на населбата и животот на луѓето во неа, што секако може значително да придонесе во објаснувањето на почетоците на земјоделството во Пелагонија, но и во Европа.

Врбјанска Чука и нејзината иднина

Имајќи го предвид потенцијалот од мултидисциплинарни истражувања на Врбјанска Чука, неопходно е истите да се продолжат и прошират со дополнителни методи. Со оглед на тоа што ископувањето во археолошката сонда сè уште не е завршено во целост, ќе бидат потребни уште неколку години да се истражат некои од најраните слоеви во неолитската населба. Исто така во тек се повеќе видови анализи, кои во скора иднина ќе ги збогатат сознанијата за овој локалитет. Особено битен е фактот дека пред неколку години, благодарение на административните залагања на НУ Завод и Музеј - Прилеп, Врбјанска Чука е прогласена за споменик на културата од особено значење и сега има формален статус на заштита. Тоа значи дека какво било загрозување или оштетување на локалитетот е забрането и строго казниво, што пак ќе овозможи негово безбедно функционирање во иднина.

Во таа насока, Врбјанска Чука во иднина може да се развива како археолошки парк во кој ќе може да се имплементираат информативни содржини кои ќе го презентираат овој локалитет меѓу домашните и странските посетители. За таа цел, направен е проект кој предвидува посебен пристап и покривање на археолошката сонда, а во која сите архитектонски содржини ќе бидат конзервирани за нивна презентација. Низ неа ќе се минува со помош на рампи кои ќе овозможат поглед на градбите озгора, како и движење крај и во реконструирана неолитска куќа, каде ќе бидат изложени копии од импресивниот амбар и најзначајните наоди откриени на овој локалитет. Низ сондата ќе бидат поставени информативни табли кои ќе ги запознаат посетителите со разни сегменти откриени на локалитетот, но и со нивните толкувања. Сондата ќе биде покриена со модерно дизајнирана масивна структура која ќе може да се види оддалеку, така што таа ќе биде видлива за туристите кои патуваат од Прилеп кон Крушево и дополнително ќе бидат мотивирани да ја посетат Врбјанска Чука.

Со оглед на тоа што на Врбјанска Чука веќе седум години се одржуваат концерти на крај од секоја археолошка кампања, овој простор ќе може да продолжи да функционира како место за вакви и слични културни настани. Самите концерти значително придонесуваат кон афирмирање на локалитетот и неговото доближување кон поширока публика, така што нивното изведување во посовремен амбиент може да придонесе за уште поексклузивно искуство.

Во однос на доближувањето на Врбјанска Чука до пошироката публика, треба да се истакне дека Центарот за истражување на предисторијата повеќе години вклучува соработки со разни домашни и странски стручњаци кои изработуваат модели и реконструкции на артефактите и неолитската населба. Имено, веднаш по геоскенирањето на локалитетот се направи доследна 3Д реконструкција на населбата, а базирана врз податоците добиени од ова истражување. Тоа овозможи да се види како ова неолитско село изгледало и да се замисли животот во него. Во таа насока е направена и 3Д анимација на Градба 2 каде посетителите може виртуелно да шетаат низ овој објект и да ги видат структурите откриени во него. Исто така, во неколку наврати направени се и фотограметриски 3Д модели на неколку артефакти од Врбјанска Чука, при што тие може да се вртат и разгледуваат од сите позиции. Колку што е овој пристап интересен за сите љубители на минатото кои сакаат да видат како изгледале неолитските предмети, толку е корисен и за стручњаците, бидејќи на овој начин можат да се забележат и набљудуваат детали кои не се лесно воочливи на предметите поставени во изложбените витрини или чувани во депоата. Во прилог се неколку линкови од горе наведените модели и анимации кои ќе му овозможат на

читателот интерактивно да се запознае со предметите и објектите од Врбјанска Чука и воедно да прошета околу и низ нив:

https://www.youtube.com/watch?v=SPQzCNP90k0
https://www.youtube.com/watch?v=ONLM1WFDkLs
https://www.youtube.com/watch?v=bOMHEOGruWA
https://www.youtube.com/watch?v=FCcBEwTO67w





Проект за архео парк
(дизајн: Павел Вељановски)

Природното опкружување на Пелагонија

Врбјанска Чука се наоѓа во северната половина на Пелагонија, односно во пределот именуван како Прилепско Поле. Таа претставува тумба формирана во рамницата опкружена со планините Даутица на северозапад, Бабуна на североисток, Бушева на запад, Селечка на исток и на југ со Тополчанска Греда која всушност претставува огранок на Селечка Планина. На тој начин, Врбјанска Чука се наоѓа во средиштето на природен амфитеатар формиран од околните планини. Ваквиот природен амбиент влијаел и на првите жители на неолитската населба да го изберат токму ова место за живеење, што како простор не престанува да воодушевува ниту денес. Не случајно во близина на Врбјанска Чука основани се уште неколку други тумби во неолитот и енеолитот, што освен присуството на плодната почва која била мошне битен фактор за првите земјоделци, исто така го потврдува и мотивот за егзистирање во простор со специфичен визуелен карактер. Во таа насока особено внимание привлекува Златоврв, истакнатиот врв на планината Злато, кој се издвојува од околината и делува импресивно со својот шилест изглед.

Покрај планините, и реките имале битна улога во изборот на неолитските земјоделци на место за живеење. Со оглед на тоа што Прилепско Поле е сочинето од мноштво реки, нивното излевање за време на поплавите имало голем удел во присуството на плодна почва неопходна за земјоделството. Во контекст на Врбјанска Чука треба да се истакне присуството на реката Блато, односно на Дебрешка Река и Ореовечка, Дабничка и Селечка Река (Прилепска Река) кои се вливаат во горното течение на Црна Река. Токму во јужниот дел на Прилепско Поле, реката Блато и Прилепска Река се спојуваат, при што формираат полукружен простор кој формирал големо мочуриште при поплавите предизвикани од поројните дождови. Овие поплави, особено во пределот на Бакарно Гумно, се честа појава дури и денес и покрај тоа што процесот на мелиорација во 1950-тите и формирањето вештачки канали за реките би требало да го намали нивното истекување.

Тоа дополнително потврдува дека мочуришниот предел во Прилепско Поле бил вообичаена појава и во неолитот, што е верификувано и со геоархеолошките анализи направени токму во јужните делови на овој предел. Ваквата мочурлива средина била клучна за првите земјоделци кои имале потреба од континуирано природно наводнување на полињата каде што се наоѓале нивните ниви со жито. Оваа средина била далеку поразлична од денешната, бидејќи низ целиот простор на ова поле имало дрва и бујна вегетација, а која денес е отстранета поради огромните ниви на некогашниот земјоделски комбинат. Во секој случај, во близина на тумбите, неолитската популација

исто така го расчистувала просторот за своите ниви, кои биле присутни близу реките и мочуриштата. За ова дополнително говорат и археоботаничките анализи, кои потврдуваат мочуришни растенија користени во неолитската населба на Врбјанска Чука.

Тука не треба да се изостават и помалите притоки на реките Блато и Прилепска, кои се денес пресушени, а се наоѓале во близина на Врбјанска Чука. Во таа смисла, изборот на подигање на првата неолитска населба на овој локалитет не бил случаен, туку напротив, мошне промислен чин базиран на темелно набљудување на природното опкружување. Сместена во овој природен амфитеатар и во близина на повеќе реки и мочуришта, Врбјанска Чука била поставена на идеално место, што можело да овозможи пристап до разни видови ресурси и тоа во подолг временски период. Ова е потврдено од зооархеолошките, археоботаничките и хронолошките анализи кои укажуваат дека неолитското население имало пристап до плодна почва, разни видови риби и барски птици, животни, желки, змии, школки, кал и трска кои се наоѓале во овие мочурливи предели, а биле ползувани најмалку 250 до 300 години во првата половина на VI милениум пр.н.е.



Пејсаж од Пелагонија и просторот околу Врбјанска Чука
(фото: Раул Сотерас)

Хронологија на Врбјанска Чука

Благодарение на интензивното датирање на Врбјанска Чука може точно да се определи времето на нејзиното егзистирање. Досега, со помош на радиокарбон анализи (C^{14}), анализирани се дваесетина примероци од овој локалитет што дава мошне прецизен увид во времето на настанување, развивање и напуштање на неолитската населба, но и на времето кога оваа тумба се користела во антиката и средниот век. Во прилог на овие податоци добиени со помош на ова апсолутно датирање, исто така одат и хипотезите врз основа на релативната хронологија, а кои се базирани на сознанијата добиени од материјалната култура. Според обележјата на сликаните садови, може да се заклучи дека Врбјанска Чука била локалитет кој функционирал во раниот неолит, во рамки на т.н. културна група Велушина-Породин.


Но сознанијата добиени од апсолутното датирање на органски примероци одат многу подалеку и даваат целосен хронолошки преглед на најстарите и најмладите активности на оваа тумба. За таа цел правени се радиокарбон анализи на примероци од семиња на растенија и коски (животински и човечки), а кои даваат многу попрецизни резултати отколку јагленот кој порано беше фавориран при овие студии. Според еден примерок од зрно пченица, најстарата дата од Врбјанска Чука се движи во временски распон меѓу 6220 и 5984 година пр.н.е. Но со калибрирање на оваа дата и со определување на нејзината средишна вредност (медиан), како најверојатна се предложува 6060 година пр.н.е. Сепак, за датирањето на оваа тумба да биде уште попрецизно, се применува и т.н. Бејзово моделирање при што, сите добиени дати од анализираните примероци се процесираат во хронолошка секвенца која го дава временскиот распон на целата населба. На тој начин, најверојатното егзистирање на Врбјанска Чука, според средишната вредност на сите дати во оваа хронолошка секвенца, би било меѓу 6020 и 5760 година пр.н.е.

Оттука произлегува дека неолитската населба била активна околу 260 години, односно приближно меѓу 250 и 300 години. Хронолошката секвенца исто така го потврдува и фактот дека оваа населба функционирала континуирано, бидејќи нема отстапувања и прекини во оваа низа анализирани дати. Секако, тоа не значи дека во иднина нема да се добијат порани или подоцнежни дати кои ќе ја модифицираат сегашната хронологија, но во моментот таа претставува најреферентниот аргумент кој може да се користи за определување на точното време на неолитската населба.

Тука не треба да се занемари и фактот дека апсолутно датирање не е правено само на примероци од неолитските слоеви, туку и од зрна и

човечки коски кои припаѓаат на античкиот период. Во таа смисла, треба да се истакне дека истражувањата на Врбјанска Чука се едни од ретките, ако не и единствени во Македонија, каде апсолутното датирање се применува и за античките и средновековните фази, а кои претежно во македонската археологија се дефинираат преку релативната хронологија. Според радиокарбон анализите на неколку зрна овес, античките фази на овој локалитет се определуваат во периодот меѓу II и IV век н.е., односно меѓу 125-та и 384-та година. Во прилог на ова апсолутно датирње се и податоците од релативната хронологија базирана на две монети откриени на површината и во горните слоеви на Врбјанска Чука. Тие се користени во времето на царевите Гордијан III (кој владеел меѓу 238 и 244 година) и Констанциј II (кој владеел меѓу 346 и 354 година). Синхрона на нив е исто така една тока, односно метално парче од појас кој бил составен дел од облеката во периодот на II и III век. Што се однесува до средновековниот период, анализата на човечки заб укажува на тоа дека погребувањето на тумбата се вршело во период меѓу 907 и 1119 година н.е., односно меѓу X и XII век. Тоа делумно го потврдува и еден средновековен прстен, откриен во горните слоеви, а кој релативно се датира во истиот временски распон.

Имајќи ги предвид сите дати добиени со помош на радиокарбон C^{14} анализи, со голема точност можат да се предложат три хронолошки етапи на Врбјанска Чука. Таа била основана при крајот на VII милениум пр.н.е. и како неолитска населба функционирала во периодот меѓу 6020 и 5760 година пр.н.е. Потоа, по повеќе од пет милениуми неактивност на тумбата, таа била користена како место за античка вила рустика во II и III век н.е. Повторно следел долг период на неактивност од околу десет века, за да во средниот век на неа се погребувале луѓе и се чувало жито во длабоки јами-силоси во периодот меѓу X и XII век. Таа и денес претставува живо и динамично место на кое се ораат ниви, се вршат истражувања и се одржуваат концерти, така што овие активности оставаат траги и во современата хронологија на Врбјанска Чука.



Најраната дата од Врбјанска Чука (графикон: Гоце Наумов)

Населбинскиот карактер на тумбата

Континуираните истражувања на Врбјанска Чука придонесоа за збогатување на сознанијата поврзани со организацијата и архитектурата на неолитската населба, но и за етапите по неа. Десетгодишните ископувања вродија со плод и дадоа бројни податоци за градбите и структурите кои првите земјоделци ги користеле. Сега знаеме дека тоа било комплексно неолитско село од околу 2,5 хектари, со мноштво објекти кои биле користени во разни фази на неговото постоење. Тука во прилог одат и геофизичките скенирања кои упатуваат на масивен ров којшто ја опкружувал населбата.

Во различни делови од своето протегање, ровот има невоедначена ширина, а најголемата изнесува меѓу 4 и 5 метра. Тоа значи дека за неговото изведување требало голема работна сила и најверојатно при копањето била ангажирана целата заедница која со помош на коскени, камени и дрвени алатки го реализирала овој прилично впечатлив чин. Се смета дека изведувањето на ровот имало и поширок социјален карактер, а не треба да се исклучи ниту неговата симболичка улога во демаркирањето и заштитата на населбинското место. Во однос на неговата функција, треба да се истакне дека тој првенствено се користел за спречување на поплави во неолитското село, предизвикани од излевањето на водите од околните реки и мочуришта. Тој секако можел да има и друга улога (оневозможување на домашните животни да излезат од населбата и на дивите да влезат, или пак да не се прошири намерното опожарување на куќите во околните полиња), но тоа би се разјаснило единствено со негово ископување и детално документирање во иднина. Интересно е да се истакне дека во југоисточниот дел на ровот има две прекинувања кои всушност го претставуваат влезот во селото.

Геофизичкото скенирање на Врбјанска Чука исто така придонесе да се разбере и просторната организација на неолитската населба. Имено, резултатите укажуваат на присуство на повеќе градби концентрирани во централниот дел на тумбата. Тие се поставени во редови и некаде меѓу нив има поширок простор, што може да е дел од градбите со непечен лепеж бидејќи магнетометарот претежно ги регистрира горените објекти. Што се однесува до овие отворени простори, некои од нив може да претставуваат и плоштади, и тоа особено оној простор кој се наоѓа во југоисточниот дел на селото, веднаш по влезот во него.

Ископувањата во археолошката сонда дадоа мноштво податоци за градбите во неолитската населба, така што сега се знае дека повеќето биле поставени во правец североисток-југозапад. Интересно е да се истакне дека оваа позиција на градбите е констатирана и на други неолитски тумби во Пелагонија, така што во иднина треба да се одгатне

мотивот за ваквото поставување на објектите во овој регион. Во секој случај, овие податоци укажуваат на тоа дека има прецизно испланирана просторна организација, а не произволно поставување на градби.

Што се однесува до самите градби, тие се откриени во поголем број при ископувањата. Досега регистрирани се околу 25 градби, од кои шест се дефинирани во скоро целиот нивен габарит. Четири од нив се истражени во целост, со тоа што единствено една продолжува во профилот на сондата и оневозможено е нејзиното доистражување, освен со евентуално проширување на сондата во иднина. Нивните димензии се разликуваат иако треба да се истакне дека станува збор за особено големи објекти. Градба 1 и Градба 2 претставуваат и најголеми неолитски објекти досега откриени во Македонија, со ширина од 11 метри и должина од 13 метри, односно со ширина од 9 метри и должина од 13 метри. Тука треба да се истакне дека поголемиот дел од објектите се градени еден врз друг и тоа во различни временски етапи, со што се добил и тумбестиот изглед на локалитетот. Во централниот дел на населбата регистрирани се остатоци од дури седум градби една врз друга, иако некои од нив може да се обнови на веќе постоечките објекти. Постојат две основни причини за ваквите градежни традиции – практична и симболичка, а мошне е веројатно и двете да се заемно поврзани. Практичната се состои во тоа што, концентрирањето на градби во пределот на тумбата ќе го оневозможи можното поплавување на куќите во периферните односно рамните делови на населбата. Од друга страна, симболичката позадина може да има две компоненти, социјална и обредна. Социјалната се состои во тоа што постои можност во централниот дел од населбата да живееле индивидуи, односно семејства од повисок сталеж, иако општествената нееднаквост не е досега потврдена на Врбјанска Чука. Што се однесува до симболичката компонента, континуираното градење куќи една врз друга овозможува директен контакт со живеалиштата на предците и оттаму постојана обредна комуникација со нив, за што и подолу ќе стане збор.

Во своите архитектонски рамки, градбите се сочинети од основа од колци преплетени со прачки или штици, врз кои се премачкувал лепеж. Некои од овие градби биле намерно палени, поради што таквиот лепеж добил црвена боја. Во нивната внатрешност се поставувале печки, амбари и сандаци на подовите, но некогаш и на горниот спрат. Таков пример е Градба 2, за која постојат податоци дека имала горен спрат во нејзиниот југозападен дел и на кој биле присутни помали сандаци. Амбарите биле користени за депонирање поголема количина жито која се користела во текот на целата година. Во контекст на амбарите интересно е да се истакнат Градба 1 и Градба 4.

Имено, во Градба 1 откриен е досега најголемиот неолитски амбар во Европа, кој имал и 8 помали сандачиња залепени до него. Целата

ширина на оваа структурална целина изнесува околу 4 метри, што овозможува чување и обработка на житариците на едно место. Со оглед на димензиите и количината на жито што може тој да ја содржи, се смета дека амбарот, но веројатно и самата градба, излегувале надвор од потребите на една фамилија и можеби биле во функција на поголема заедница. Во прилог на тоа се и податоците од Градба 4, а во која единствено беа констатирани амбари и сандаци споени со ѕидовите на објектот (вкупно 7). Со оглед на тоа што бројот на амбари и количината на жито во нив ја надминува онаа која ѝ е неопходна на едно семејство, станува збор за објект кој го ползувала поширокатa заедница. Затоа тука не треба да се исклучи и семиотичкиот карактер на масивниот амбар во Градба 1 (именуван и како жртвеник), кој имал функција и симболички да го заштити житото кое се наоѓало во него и тоа преку аплицирање на орнаменти на неговите ѕидови (идентични со оние на минијатурните жртвени масички).


Останатите ентериерни структури се вообичаени за скоро сите досега регистрирани градби на Врбјанска Чука, како што се печките и сандаците. Во Градба 2 откриени се 3 печки и дури 7 сандаци и над 30 претежно превртени мелници од камен, поради што се смета дека и овој објект не претставува куќа, туку можеби работилница за леб. Во сандаците се мелело житото и се месело тестото, кое потоа било оставано на ноќвите крај печките. Потоа тоа се печело во печките и на тој начин се добивал лебот кој бил една од новите револутивни форми на исхрана, афирмирани во неолитот. Имајќи ги предвид овие информации, засега може да се смета дека единствено Градба 21 може да има функција на куќа односно живелиште. Таа е единствената во која се целосно сочувани повеќе садови и цврст, масивен и дебел под, вообичаено отсутни во другите посочени градби, и во која засега се регистрирани само една печка и 2 сандаци. Имајќи ги предвид сите овие податоци, може да се констатира дека ентериерот на градбите во Врбјанска Чука не е униформен, како што не е ниту нивната намена. Напротив, тие имале различни содржини и функции, и воедно добивале различни улоги поврзани со потребите на заедницата.

Во однос на Врбјанска Чука, треба да се истакне и тоа дека оваа населба не била сама во поблиското опкружување. Имено, североисточно на само 150 метри од неа има уште една тумба, именувана како Вис Коњарски. И на неа се направени рекогносцирање и геофизичко скенирање од истиот тим, при што констатирано е дека и таа има сличен неолитски материјал (но и енеолитски), додека просторното уредување на населбата е сосема поразлично. Ваквиот населбински модел е присутен и на други тумби во Пелагонија, Скопскиот Регион и Анадолија, каде две тумби се формирани една до друга, од кои, едната може да претставува

континуитет на постарата неолитска населба, и тоа подигната веднаш до неа.

Што се однесува до архитектурата и населбинските карактеристики на Врбјанска Чука во текот на антиката и средниот век, не може многу да се каже за нив. Тоа е така не поради отсуството на податоци, туку затоа што тогаш локалитетот не функционирал како населба. Во античките слоеви откриени се остатоци од тегули и имбрекси кои упатуваат на постоење градба, па се претпоставува дека тие се дел од римска вила рустика која била поставена во центарот на тумбата. Евидентирањето на дел од сувозид направен од камења, како и на тенок под, засега се единствени елементи од овој објект. Инаку станува збор за градба која имала претежно стопански карактер и функција во неа да се собира житото и оттука тоа да се дистрибуира меѓу населбите. Неколку јами-силоси регистрирани во античките слоеви упатуваат кон ваквиот карактер на градбата, како и датираните зрна овес во нив, а кои го определуваат нејзиното егзистирање во II и III век н.е.

Вакви јами-силоси продолжиле да се користат и во средниот век, и тоа во многу поголем број. Во археолошката сонда досега откриени се триесетина вакви силоси, што упатува на интензивно жнеење на околните полиња и депонирање на житото во тумбата. Ваквата пракса не е ретка во средниот век, но изненадува фактот што на истото место функционирала и некропола од која откриени се дваесетина погребани индивидуи. Ваквата двојна улога на тумбата во средниот век може да има и симболички карактер за што подолу ќе стане збор. Во секој случај, интересно е да се истакне дека Врбјанска Чука била место на кое земјоделството било примарна стопанска гранка од предисторијата до средниот век, што секако не треба да изненади со оглед на плодните пелагонски полиња во кои таа се наоѓа.



3D модел базиран на геофизичкото скенирање (Ивица Стоимановски)

Стопанството на првите земјоделци


Проучувањето на стопанските гранки кај предисториските заедници овозможува продирање во мотивите за избор на одредени места за населување. Во таа смисла, истражувањата на Врбјанска Чука во голема мера се насочени кон разбирање на економијата и општествените активности, што подразбира вклучување повеќе стручњаци од различни области. Имајќи ги предвид процесите на неолитизацијата на Блискиот Исток и Балканот, јасно е дека земјоделството е еден од главните фактори за движење на популациите кон поплодни предели. Не е тешко да се заклучи дека во тој контекст, Пелагонија била прилично атрактивен предел, богат со плодни ниви, реки и мочуришта. Но ангажирањето на разни стручњаци од сферата на геоархеологијата, археоботаниката и зооархеологијата дава многу подетални информации како тоа се одвивало и на кој начин стопанството се развивало или модифицирало во времето на првите земјоделци во овој регион.

Геоархеолошките сондирања потврдија постоење на мочуришта и алувијални слоеви во неолитот, и заедно со проучувањето на педологијата, го истакнуваат присуството на плодни почви во Пелагонија. Тоа биле поволни услови за првите земјоделци да ја населат оваа котлина во почетоците на неолитот, и тоа околу 300 – 400 години пред популациите кои ги формираат тумбите во рамницата. Дури околу 6000 година пр.н.е. се почнува со земјоделството на овие тумби, што е потврдено и преку датирањето на житариците од Врбјанска Чука.

Археоботаничките анализи на остатоците од семиња на оваа тумба, потврдуваат присуство на различни житарици и мешункасти растенија, а кои биле дел од првобитното земјоделство. Најчесто се одгледувале и консумирале еднозрната и двозрната пченица и јачменот, а исто така во исхраната редовно биле присутни леќата и грашакот. Овие анализи одат уште подалеку и предложуваат дека покрај есенската жетва, дел од овие култури биле жнеени и во пролет, а посочуваат и на тоа дека земјоделството било екстензивно и се реализирало на поширок полиња во поголем простор, за разлика од традициите во соседните региони. Тоа на некој начин ги определило и насоките на стопанството во Врбјанска Чука, а кое и според архитектонските податоци, може да се види дека се концентрирало на чување, обработка и готвење на житото и мешунките. За тоа говорат и бројните амбари, сандаци и печки откриени во градбите детектирани во археолошката сонда. Но покрај овие за првпат доместицирани растителни култури, во оваа неолитска населба се консумирале и разни диви растенија, како што се дренки, лешници, капини, јаболка, крушки, трнинки и бозел, а биле собирани и леска,

плевел и мочуришни билки, исто така користени во исхраната, како во таа на луѓето, така и во онаа на животните.


Појавата на земјоделството имало значајна улога и во развојот на сточарството, при што за првпат биле припитомени и серија на животни кои битно влијаеле врз исхраната и економијата. Зооархеолошките анализи на Врбјанска Чука укажуваат на тоа дека најголемо било присуството на говеда, што е поразлично од сточарските пракси во соседните региони на Балканот. По говедата, најчесто се чувале и консумирале овците, козите и свињите, а меѓу домашните животни потврдено е присуството на кучето во ова неолитско село. Овие анализи упатуваат и на тоа дека животните биле вообичаено колени додека уште биле млади, и тоа особено свињите, додека козите и овците биле убивани кога станувале веќе возрасни, веројатно поради млекото и волната. Во таа насока битно е да се истакне дека на овој локалитет потврдено е консумирање на млеко и млечни производи, и тоа преку изведените анализи на масни киселини на некои од керамичките садови.



Отисок на жито во лепеж од ѕид (фото: Јана Анвари)

Покрај домашните животни, на Врбјанска Чука биле консумирани и дивите животни, меѓу кои регистрирани се еленот, срната и лисицата, но исто така и разни видови птици, жаби и гуштери кои се дел од мочуришното опкружување околу неолитската населба. Во таа насока треба да се спомне и присуството на риби (крап и пастрмка), а кои биле ловени во околните реки. Од нив се собирале и речни школки, кои освен во исхраната се користеле и како мамци за риболов или гердани, на што упатуваат и дел од нивните предни отвори. Пронајдени се и т.н. кардиум и спондилус школки, кои не биле консумирани, туку донесени од морските краишта како украси за накит, што потврдува и трговски врски со далечни региони, односно тровија преку посредници. На крајот, интересно е да се истакне дека на Врбјанска Чука откриени се остатоци од домашен глушец, што засега претставува најраниот откриен ваков вид во Европа. Неговото присуство не треба да изненади со оглед на тоа што неолитското стопанство во голема мера се базирало на житните култури, кои биле чувани и обработувани во амбарите и сандаците, како и лебот кој се чувал на разни места во куќите.

Ваквото земјоделско стопанство го определил карактерот на Врбјанска Чука и во антиката и средниот век. Токму за тие потреби била изградена римска вила рустика во центарот на тумбата. Во прилог на тоа одат и јамите за депонирање жито, уште повеќе користени во средниот век. Фаворизирањето на житното земјоделство во предисторијата, антиката и средниот век во Пелагонија не треба да изненади, имајќи го предвид фактот што таа и денес претставува најплодната и најголемата житница во Македонија, од која се дистрибуираат пченица, јачмен, ‘рж и овес низ земјата, но и во странство.



Неолитски срп со кремени сечила (фото и цртеж: Николо Масуко)

Домаќинство и занаети

Интензивните стопански активности во неолитската населба на Врбјанска Чука биле проследени со орање, сеење, жнеење, жетва, носење на животните на пасишта, нивно молзење, стрижење и колење, ловење, рибарење, чување резерви храна, нејзино готвење, ткаење на облека, тргување итн. За сето ова да се реализира, било неопходно да се изработуваат садови и алатки со помош на кои се изведувале овие активности. Тие биле составен дел од неолитските домаќинства и нивни остатоци често се откриваат при археолошките ископувања.

Секако, најбројни се керамичките предмети, кои иако претежно фрагментирани, говорат за динамичното производство на садови за чување и готвење на храната. Фрагментите и поретко целите садови се регистрирани во градбите, но и надвор од нив, што упатува на тоа дека тие биле користени насекаде низ населбата. Неретко нивните остатоци биле разнесувани и при нивелирање на постарите градби, кога врз нив се подигале нови. Затоа се смета дека тие биле во голем број присутни во куќите, но поради нивното вадење пред напуштањето на живеалиштата, тие се поретко присутни во нив, (барем целосно сочуваните садови). Според сознанијата добиени од ископувањето и документирањето на наодите, може да се заклучи дека постојат повеќе видови садови кои имале различна намена во чувањето, готвењето и консумирањето на храната, а дел од нив сигурно биле користени при молзењето млеко, хранењето животни, транспортот на вода итн.

Најбројни се садовите со така наречена груба фактура сочинета од глина, некогаш мешана со плева и поретко со мали камчиња. Меѓу нив спаѓаат разни грнци и амбалажни садови користени за готвење или чување жито, течности и месо, а не се ретки ниту аскосите кои мошне веројатно биле ползувани за носење вода од реките, или до полињата каде дел од населението орало, сеело и жнеело. И покрај тоа што сите овие садови биле претежно статични и се користеле во секојдневни нерепрезентативни активности, сепак дел од нив биле и украсувани. На нив се нанесувал тенок слој на влажна глина и потоа со прсти се извлекувале линии (т.н. барботин техника), а неретко некои биле декорирани со нокти, втиснувања од прсти и алатки, аплицирани глинени ленти, брадвици и др. Анализите на масните киселини направени на некои од садовите, посочуваат на тоа дека во нив се готвело свинско месо и се подготвувале млечни производи и масло.

Друга категорија на садови се оние со фина фактура, претежно паници изработени од прочистена глина и скоро секогаш со полирана површина. Тие најчесто биле премачкувани со црвена боја и поретко со кафена и црна, а врз овој слој со бела или црна боја се сликале орнаменти

со извиени триаголници, цик-цак орнаменти, ромбови, точки, месечести мотиви, коси или хоризонтални линии, гирланди и др. Со оглед на нивниот репрезентативен изглед ваквите садови најчесто се користеле во активности од јавен карактер, како што се гозбите, церемониите, обредите итн. Поради тоа, може да се смета дека тие имале симболички обележја и биле поврзани со верувањата на првите земјоделци, за што и подолу ќе стане збор. Во секој случај овие садови, како и оние со груба фактура, укажуваат на развиени занаети уште од самите почетоци на неолитот во Пелагонија и тоа особено во доменот на грнчарството.

Составен дел од домаќинството биле и алатките кои се користеле во разни занаети неопходни за функционирање на заедницата. Бројните камени и коскени алатки се изработувале во и надвор од куќите и биле употребувани при сечењето дрва и кожа, штавењето, копањето и орањето, ткаењето, шиењето, готвењето итн. Камените секири и длета изработени од гранит, серпентинит, базалт, риолит или андезит биле погодни во дрводелството, особено при сечењето дрва за столбовите на куќите и при нивното делкање за штици. Анализите посочуваат на тоа дека некои од длетата се користеле и за отворање на речните школки. Меѓу камените алатки спаѓаат и ножињата од кремен кои ги има во поголем број и за кои претходно се сметаше дека се претежно користени за сечење месо, кожа и растенија. Меѓутоа најновите функционални анализи покажаа дека тие биле најчесто дел од срповите со кои се жнеело житото во полињата околу Врбјанска Чука.


Домашните и дивите животни, освен за исхрана, биле користени и како ресурс за изработка на алатки, па нивните коски нашле употреба во различни занаети. Од коска најчесто се изработувале игли и шила неопходни во шиењето, а неретко се моделирале и т.н. спатули односно лажички со кои се хранеле децата. Роговите од елените, покрај можните симболички обележја кои тие ги имале, биле погодни за орање, така што може да се претпостави дека заедно со серија од дрвени и камени алатки биле користени во полјоделството.

Покрај овие основни алатки, многу други предмети биле дел од секојдневните активности. Како дел од занаетите, особено се истакнува ткаењето, а за кое биле ползувани дрвени конструкции и помали или поголеми керамички тегови и перфорирани дискови (изработени од откршени парчиња садови). Тука треба да се истакне и тоа дека се изработувале облека и ќебиња од лен и волна, чиишто основни ресурси било лесно да се обезбедат од природата или домашните животни. Некои од перфорираните дискови, освен во ткаењето, можно е да биле употребувани во риболовот за мрежи, иако досега не е откриена ниту една јадица, ниту пак копје, а истите се погодни за оваа стопанска гранка. Тука е битно да се истакне дека на Врбјанска Чука, како и на другите

неолитски тумби во Пелагонија, досега не е откриен ниту еден врв од копје или стрела, што укажува на тоа дека некои други материјали се користеле за изработка на оружје за лов и за евентуалните конфликти. Во таа насока единствено керамичките кугли за праќа може да се посочат, а кои фрлени од одредена далечина, можеле да бидат дури и фатални.

Каменот и коските како ресурси не биле ползувани единствено во стопанските активности поврзани со секојдневниот живот, туку имале примена и во светот на убавината и верувањата. Имено, тие се обработувале и од нив се добивале мониста или висулци кои биле дел од накитот, со што се истакнувале припадноста и статусната позиција на оние што го носеле. Тоа значи дека во рамки на занаетите, особено била развиена и изработката на накитот, што подразбира посветена и макотрпна работа. За да се издвојат одредени жители на неолитската населба, на ѓерданите поретко се нижеле и морски школки. Тие биле обезбедени преку директна или индиректна врска со Егејското или Јадранското Море, што воедно ги потврдува комуникацијата и трговијата меѓу блиски, но и далечни земјоделски заедници.

Во рамки на домаќинството составен елемент биле и мелниците од камен. Вообичаено изработени од вулкански камења (песочник, варовник и базалт), тие биле погодни за мелење на зрната жито и тоа со тријач моделиран од покомпактен камен. Претежно биле со поголеми димензии и издолжена форма, но откриени се и неколку помали (изработени и од мермер), што упатува и на нивно пошироко значење во рамки на заедницата. Со нив се изработувало брашно кое било неопходно во исхраната со леб, така што не случајно добиле и симболичка улога во домаќинствата. Во некои од градбите откриени во Врбјанска Чука тие се во невообичаено голем број и превртени, што упатува на нивно вклучување и во обредни активности.



Керамичен сад - аскос (цртеж: Александар Миткоски)

Верувања и обреди

Она по што се препознава Врбјанска Чука во македонската и светската археологија, се материјалните остатоци од духовниот живот на земјоделската заедница која живеела во оваа неолитска населба. Станува збор за бројни артефакти, структури, градби и обредни контексти кои покажуваат дека, освен богатиот и динамичен стопански живот, жителите на ова неолитско село имале развиен систем на верувања и ритуали. Тоа потврдува дека тогашните први земјоделци во овие краишта на Пелагонија, не биле само индивидуи кои единствено работеле за да преживеат, туку личности со изграден светоглед и јасна идеја за животот пред и по смртта. За тоа говорат разновидни фигурини, модели на куќи, жртвеници, модели на лепчиња и зрна, сликани садови, мелници, погребувања, амбари и цели градби, а кои ги има во толкав голем број што станува фасцинантно богатството на форми преку кои тие симболички се изразувале.

Почнувајќи од материјалната култура, неизоставни се фигурините кои прикажуваат луѓе и животни. Останува отворено прашањето дали антропоморфните фигурини претставуваат луѓе, духови, предци, божества или некакви суштества, но стандардизирањето на нивната визуелност и мноштвото на прецизно дефинирани детали присутни на нив, покажуваат јасно определени правила. Тие може да се согледаат во начинот на кој се изработени фигурините, имајќи предвид како се изведени главите, торзото, екстремитетите, но и орнаментите присутни на некои од нив. Според тоа, тие може да се издвојат на фигурини кои прикажуваат женски тела и оние кои се прилично стилизирани и немаат никакви обележја. Која била нивната намена сега е тешко да се одговори, но во секој случај може да се потврди дека станува збор за две основни категории на ликови. Што се однесува до зооморфните фигурини, нивниот број е помал и се однесува на домашни животни, претежно говеда и кози.

Покрај фигурините, особено присутни се и фрагментите од модели на куќи и жртвеници кои ретко се наоѓаат целосно сочувани, што секако може да е резултат на нивното паѓање или пак на намерното фрагментирање, обредна форма потврдена меѓу неолитските заедници во Македонија и на Балканот. Моделите претежно претставуваат општ изглед на куќа, без многу архитектонски детали, како што е тоа случајот со оние откриени во битолскиот дел на Пелагонија. На нив има цилиндри на кои некогаш има и приказ на човечки лик, што ги става овие предмети во категоријата на антропоморфни модели на куќи, единствено карактеристични за неолитот во Македонија. Тие посочуваат на важноста на живеалиштата и на нивното идентификување со конкретни

индивидуи или предци, и не случајно најчесто се користеле како комеморативни ламби. Во таа насока оди и континуираното градење на куќи врз куќи на Врбјанска Чука, што воедно претставува остварување симболичка врска со предците.

На сличен начин може да се поврзат и жртвените масички со скалести нозе, кои долго беа енигматична категорија во археологијата. Сепак, имајќи ги предвид нивните архитектонски обележја, може да се смета дека тие претставуваат модели на сандаци т.е. амбари за жито. На тој начин, како и моделите на куќи, тие се минијатурен приказ на архитектонскиот ентериер на кого му се дава дополнително симболичко значење, но и ритуално, и тоа преку оставањето зрна, брашно, мед, сол или крв во нив. Во прилог на тоа оди и големиот амбар откриен во Градба 1, а кој на своите sидови има аплицирани орнаменти идентични со оние на минијатурните жртвеници т.е. модели на сандаци/амбари. Дотолку повеќе, во овој амбар е откриен и најголемиот жртвеник (модел на амбар) во Врбјанска Чука, односно оној кој е прикажан и на корицата на оваа публикација. Заемната врска меѓу овие навидум различни категории, укажува на тоа дека и амбарите, покрај својата практична улога, мошне веројатно имале и семиотички карактер, со што житото чувано во нив требало симболички да се заштити и натамошно да се стимулира неговото поголемо присуство во идните жетви.

Говорејќи за минијатурните претстави на реалните нешта и важната улога на житото во светот на неолитските земјоделци, не треба да се занемарат и моделите на лебови и зрна. Моделите на лебови не се ретка појава во Врбјанска Чука и ги има во разни димензии. Некои од нив се дури и декорирани со врежани или вдлабени рамни, коси и извиени линии, што упатува кон тоа дека можеби и реалните лебови на ист начин биле украсувани во посебни пригоди, практика присутна и денес во многу делови на светот. Моделите на зрна се сè уште дискутабилна категорија, бидејќи за нив оправдано преовладува мислењето дека тие се кугли за праќа т.е. проектили. Но од друга страна, голем број од нив се најдени до големиот амбар во Градба 1 и нивниот изглед навистина асоцира на зрна. Оттука, доколку се имаат предвид неолитските принципи на симболичко минијатуризирање на суштинските елементи во животот на земјоделците, тогаш не е изненадувачки дека тие изработувале и модели на зрна, покрај моделите на лебови, амбари и куќи.

Ваквите семантички компоненти на житото, односно лебот, дополнително се потврдуваат и со серија обреди, а во кои се вклучени мелниците користени за добивање на брашно. Овие „алатки“ од камен, иако припаѓаат во категоријата на утилитарни предмети, сепак биле вклучени во активности кои го акцентираат крајот на животот во или на една градба. Триесетина мелници се откриени во Градба 2, за која се смета

дека е работилница за обработка на жито и печење леб. Интересно е тоа што скоро сите тие се поставени превртени, т.е. со страната за мелење кон подот, а во ретки случаи и странично. Со тоа се упатува кон нивната нефункционалност, односно дека тие повеќе не биле користени во овој објект. На тој начин се истакнува и престанокот на животот во оваа градба, чин кој бил проследен со нејзино чистење, бидејќи при ископувањето не се регистрирани цели садови и други предмети, каков што е на пример случајот со Градба 21. Кон ваквото финализирање на животот на Градба 2, оди и нејзиното намерно горење, кое мошне веројатно се изведувало откако објектот бил напуштен. Со тоа, на обредно ниво се „кремирала" градбата и се означувала нејзината смрт, по што следело нејзино рушење и нивелирање, односно подготовка за нов живот, бидејќи врз неа се изградиле Градба 14, 15 и 18.

Што се однесува до симболичкото раѓање на куќите, ваквиот ритуален чин е потврден во Градба 16, во чии темели е откриен скелет од шестмесечно новороденче. Со положувањето на дете во неа се означувал почетокот на животот во овој објект, а воедно и обредно се стимулирало повторното раѓање на детето и зголемувањето на наталитетот, како во домот, така и во целата заедница. Со тоа градбата се изедначувала со човекот и со целиот циклус на раѓање, живеење и умирање. Во таа смисла не изненадува ниту постоењето на антропоморфните модели на куќи во Врбјанска Чука со кои на визуелен начин, преку семантичка хибридна врска, се поистоветувале човекот и куќата.

Покрај овие обредни елементи, на локалитетот се потврдени и други активности кои влегуваат во истата сфера. Во подовите на некои од градбите биле вкопани помали јами во кои се депонирале садови. Која е симболичката позадина на овој чин сè уште останува нејасно, но секако станува збор за пракса која не е поврзана со утилитарните активности, бидејќи садовите се помали и цели, а ниту се откриени остатоци од други предмети или коски. Според тоа може да се смета дека ваквите јами не биле користени за складирање или за фрлање отпад, туку имале ритуален карактер, можеби истакнат перформативно при населувањето или напуштањето на куќата, каков што е случајот со Градба 21. Во просторот меѓу неа и Градба 4 откриени се и т.н. асемблажи, односно археолошки контексти во кои заедно се најдени повеќе симболички поврзани предмети. Станува збор за место во кое се заедно поставени мелница, нога од жртвеник и фигурина, што упатува на интересна корелација, можеби повторно во асоцијација со житото и повторното раѓање.

За да се има предвид широчината на когнитивните капацитети на земјоделската заедница и потребата за вклучување на разни предмети и објекти во симболичките сфери, треба да се разгледаат и други аспекти на нејзиниот духовен живот. Имено, како што беше и погоре спомнато, голем

дел од неолитските садови откриени на Врбјанска Чука биле сликани со разновидни орнаменти. Математичките анализи на овие орнаменти покажуваат извонредно познавање на геометријата и симетријата, односно нивна примена во организирањето на сликаните композиции претставени на повеќе видови садови. Интересно е што различни орнаменти се користеле за одделни типови грнчарија, што покажува дека имало и јасна дистинкција на тоа што ќе биде прикажано на одреден сад. Тоа поврдува дека неолитското население, како на овој локалитет, така и на многу други во Пелагонија, но и низ целиот Балкан, имало способност за апстрактно проектирање ликовни целини, а кои биле повторувани со генерации како дел од традициите и колективниот идентитет. Имајќи ги предвид ваквите когнитивни капацитети, може да се смета дека тие на најразлични начини биле аплицирани и во семантичките врски меѓу предметите, структурите и градбите, но и врз местото на нивното живеење и светот што него го опкружува. Во таа смисла, може да се претпостави и визуелно-симболичкото значење што можел да го има и Златоврв, кој доминантно се извишувал во околината со својата острина и импресивност. Не случајно, подоцна ова место се користело во енеолитот, бил изграден антички храм на Аполон, а од средниот век до денес функционира и црква, односно манастир (Трескавец). Тоа упатува дека овој импозантен предел привлекувал внимание и функционира како свето место од предисторијата до денес.

За ваквиот континуитет на одредени симболички манифестации зачнати во неолитот и повторени или одржани многу подоцна, вреди да се спомене и средновековната некропола на Врбјанска Чука. Интересно е што таа е поставена на повисоко место (тумба), кое е остаток од постара населба, со што се правела симболичка врска меѓу минатото и тековните генерации, иако немало директна културна, генетска и временска поврзаност меѓу нив. Гробовите без конструкции и споменици биле поставувани во правец исток-запад што упатува и на христијанското определување на погребаните индивидуи. Но одредени гробни контексти посочуваат и кон отстапување од стандардните христијански традиции или пак на нивно модифицирање со локални обредни форми. Имено, дел од починатите биле погребани во гробни целини поплочени со тегули или со камења, а на некои од нив им биле положени единствено главите и тоа на пола пресечени и ставени на дното на јамите-силоси. Откриени се дури и празни гробови – кенотафи, кои содржат овална структура од камења покриена со масивен камен и во кои нема погребани остатоци од луѓе. Ваквите фунерарни ритуали се невообичаени за средновековните христијански некрополи и отвораат низа прашања кои треба во иднина да се одговараат.

Исто така, оваа тумба во средниот век се користела и како место каде што се депонирало жито во масивните јами – силоси, што повторно упатува на корелацијата меѓу житариците, животот и смртта. Не случајно, ваквата корелација се практикува и денес на погребите кога во рамки на ритуалот се дава и жито т.н. блага пченица на оние коишто учествуваат во него. На тој начин, може да се смета дека овие есенцијални духовни врски меѓу зрното т.е. житото и животот на човекот и неговото повторно раѓање постојат уште од времето на првото земјоделство (неолитот) и остануваат присутни во симболичките активности и меѓу денешните популации. Тоа воедно и ја заокружува и целината која започнува со избор на Пелагонија, и конкретно на Врбјанска Чука, како место за живеење на неолитските земјоделци и како котлина која денес претставува главна житница и во која населението сè уште практикува традиции кои очигледно имаат предисториски корен.



Шестмесечно бебе погребано во темел од Градба 16 (фото: Гоце Наумов)

Заклучок

Овој преглед на откритијата од Врбјанска Чука и нивното толкување, имаше цел да даде сожет увид во животот на локалитетот, од неговото основање во неолитот, до повторното користење на тумбата во антиката и средниот век. Тоа ја покажува разноврсноста и преплетувањето на низа стопански, уметнички и обредни компоненти во една сложена целина која е темелно истражувана долг низ години. Мултидисциплинарните проучувања на Врбјанска Чука во последните десет години, отворија нови порти во македонската археологија и посочија на тоа дека на еден локалитет може и треба да му се пристапи преку мноштво сродни науки. Ваквата соработка не само што за првпат спои бројни македонски и странски стручњаци и студенти од различни институции, туку и демонстрираше дека еден локалитет има многу повеќе потенцијали за разбирање, толкување и презентирање отколку што тоа претходно се сметаше.

Мултидисциплинарното истражување на Врбјанска Чука покажа колку битна улога има појавата на земјоделството во Европа и колку тоа влијаело во целосната промена на животот, во организирањето на просторот и во осмислување на светот во кого тој постои. Бројните градби, структури, артефакти и органски остатоци откриени на овој локалитет, се материјална манифестација на мислите, емоциите, идеите и мечтите на првите земјоделски заедници во Пелагонија и на нивното соочување со суштинските принципи на егзистирање. Затоа не случајно, на импресивен начин тие се отелотворени во фасцинантните куќи, амбари, фигурини, архитектонски модели и алатки, но и во начинот на исхрана, организирањето на населбата и во одржувањето на разновидните стопански и обредни традиции. Сето ова ја издвојува Врбјанска Чука како локалитет во кој се достигнати највисоките дострели на неолитот, и тоа не само во Македонија, туку и во Европа.

Во таа насока, оваа тумба заслужува поголемо внимание, уште попосветено истражување и далеку поголема промоција. Иако досегашните резултати се претставени во бројни реномирани научни публикации, предавања на врвни универзитети и во неколку европски и светски изложби, сепак неопходна е постојаност и посветеност во нејзино уште поголемо афирмирање, како пред светската, така и пред домашната јавност. Затоа приказната не завршува со досегашните истражувања на оваа тумба, туку напротив таа го продолжува своето живеење и понатаму. Локалитетот не е статична целина чијшто живот завршува со последните археолошки слоеви, туку тој и понатаму егзистира и добива нови димензии со неговите континуирани ископувања и останати активности во него.

На некој начин, сите ние што ја истражуваме и посетуваме Врбјанска Чука создаваме нови културни хоризонти во неа и исто како неолитските, античките и средновековните популации, придонесуваме во одржувањето живот и градењето меморија за ова навидум пасивно место. Разноврсноста присутна во слоевите полни архитектура, материјална култура и органски остатоци ја потврдува динамиката која постоела на оваа тумба и која ние (не)намерно ја одржуваме со нови активности и поинакви поимања на овој простор. Во тој контекст се и веќе традиционалните концерти на Врбјанска Чука на крајот од археолошките ископувања, а кои Центарот за истражување на предисторијата и НУ Завод и Музеј – Прилеп, заедно со Прилепскиот џез викенд ги организираат веќе седум години со ред. На овие концерти не се изведуваат стандардни форми на популарна и фолк музика, туку многу поневообичаени музички стилови, каква што е и самата тумба. Во рамки на овие настапи изведени во археолошката сонда досега учествуваа: Дуња Иванова, за која беше специјално донесено пијано на тумбата; Антоние Вескоски на вибрафон; Џенгис Ибрахим на канон; групата Љубојна со театарски репертоар; Гоце Наумов со перформанс на археолошки алати; хорот Св. Петка со средновековен и модерен репертоар и џез составот Next to Silence со акустични и амбиентални созвучја.

Оваа палета на настани организирани на Врбјанска Чука е рефлексија на денешното културно шаренило, а во кое одѕвонува и она на неолитските, античките и средновековните општества напластено во археолошките слоеви на тумбата. Цикличната годишна трансформација на археолошката сонда во концертен простор околу кој се присутни мноштво посетители од околните и подалечните села и градови, е само современо ехо на комплексниот карактер што тумбата го имала од своето основање. Таа не била населба во која единствено се егзистирало преку исхрана, работа и спиење, туку во неа биле испреплетени светото и утилитарното, духовното и секојдневното, па покрај вообичаените активности се свирела музика, изведувале обреди, создавала уметност итн.

Во тој правец е организирана и изложбата „*Врбјанска Чука: зрно по зрно, пченица*“, а која се стреми да го покаже ова заемно проткајување на профаното и сакралното во животите на земјоделските заедници. Веруваме дека таа ќе придонесе во создавањето меморија за оваа тумба, но и во вдахнувањето на новиот живот што овој локалитет го има во модерното време. На некој начин, она што започнало со првите жетвари пред 8000 години на Врбјанска Чука, денес се преродува во друга димензија, која, зрно по зрно, полека и систематично се претвора во храна за нашиот дух, напластувајќи нови искуства и значења.





Концерт на Дуња Иванова и Next to Silence во археолошката сонда
(фото: Раул Сотерас и Маја Аргакијева)

Истражувачи на Врбјанска Чука

Сознанијата за археолошкиот локалитет Врбјанска Чука се резултат на континуирана меѓународна и мултидисциплинарна соработка меѓу мноштво стручњаци, студенти, институции и организации. Со голема љубопитност и посветена работа, овој броен научен тим придонесе да се добие јасна слика за карактерот на оваа тумба. Ваквата соработка особено се интензивираше во последните десет години и преку повеќе проекти на локалитетот му се пристапи со нови перспективи. Со помош на научници и студенти од разни земји се аплицираа повеќе современи методи ретко ползувани или претходно непознати во македонската археологија. На тој начин, Врбјанска Чука доби статус на еден од најтемелно истражуваните предисториски наоѓалишта во Македонија и овозможи мошне аргументирано толкување на скоро сите сегменти од животот на популациите кои живееле и ја користеле оваа тумба во неолитот, но и во антиката и средниот век.

Соработници во истражувањата:
НУ Завод и Музеј – Прилеп, Центар за истражување на предисторијата, Институт за старословенска култура, Универзитет во Базел, Германски археолошки институт, Универзитет во Белград, Шпански национален научен совет, Универзитет на Јужна Бохемија, Универзитет во Приморска, Универзитет во Берн и Институт Биосенс

Раководители на истражувањето:
Гоце Наумов (2016-2025) и Благоја Китаноски (1979-1989)

Стручни соработници од НУ Завод и Музеј – Прилеп:
Александар Миткоски, Владимир Крстески, Оливера Јандреска и Душко Темелкоски

Археолози од други институции:
Драгица Симоска (Завод и музеј – Битола), Борислав Јовановиќ (Археолошки институт во Белград), Христијан Талевски (Институт за старословенска култура), Дејан Георгиев (Национален природонаучен музеј во Париз), Дарко Стојановски (Австриска академија на науките во Виена), Викторија Мачковска (Универзитет Сапиенца во Рим), Милевски (Универзитет во Лидс), Невенка Атанасоска (Универзитет во Јужна Бохемија), Андреј Мачковски (Универзитет во Берн), Љубо Фиданоски (Музеј на град Скопје), Аленка Томаж (Универзитет во Приморска), Алеш Огорелец (Универзитет во Приморска), Гилем Салвадор (Автономен универзитет во Барселона), Јана Анвари

(Универзитет во Келн), Даруне Фросар (Универзитет во Базел), Игор Кутлешовски (Универзитет во Хајделберг), Тереза Мајеровичова (Универзитет на Јужна Бохемија), Никола Христовски (Универзитет во Љубљана), Викторија Андреeска, Александар Мургоски, Игор Ѓорѓиоски и Гоце Наумов (Центар за истражување на предисторијата).

Геофизичко скенирање:
Марчин Пшибила и Михал Подсјадло (Долмен – Краков)

Дигитална топографија и 3Д моделирање:
Христијан Талевски (Институт за старословенска култура), Ѓоре Милевски (Универзитет во Лидс), Југослав Пендиќ (Институт Биосенс), Ивица Стоимановски (Музеј на Македонија), Антонио Стојановски (Универзитет во Приморска), Зоран Ковачевски и Пенелопа Стаматовска (BP-Порт)

Археолошко документирање и цртежи:
Александар Миткоски (НУ Завод и Музеј – Прилеп), Алеш Огорелец (Универзитет во Приморска), Викторија Мачковска (Универзитет Сапиенца во Рим), Раул Сотерас (Германски археолошки институт), Орданче Петров (Институт за старословенска култура) и Гоце Наумов (Центар за истражување на предисторијата)

Археолошко документирање со Харисова матрица:
Гоце Наумов (Центар за истражување на предисторијата)

Датирање и хронолошко моделирање:
Гоце Наумов (Центар за истражување на предисторијата), Агате Реингрубер (Слободен универзитет во Берлин), Ирка Хајдас (Федерален институт за технологија во Цирих)

Археоботанички анализи:
Феран Антолин (Германски археолошки институт), Амалиа Сабанов (Универзитет во Белград), Раул Сотерас (Германски археолошки институт), Нина Матцек (Германски археолошки институт), Јаромир Бенеш, Михаела Вихронова и Кристина Будилова (Универзитет во Јужна Бохемија)

Анализа на масни киселини:
Дарко Стојановски (Австриска академија во Виена)

Антрополошки анализи:
Даруне Фросар (Универзитет во Базел)

Зооархеолошки анализи:
Весна Димитријевиќ (Универзитет во Белград) и Ивана Живаљевиќ (Институт Биосенс)

Геолошки анализи:
Никола Думурџанов (Институт за рударство и геологија)

Функционални анализи на алатки:
Хуан Гибаха (Шпански национален совет за наука) и Николо Масуко (Универзитет во Пиза)

Техничка анализа на лепеж:
Јана Анвари (Универзитет во Келн)

Анализа на текстил:
Злата Блажевска (Универзитет Св. Кирил и Методиј) и Јасемин Назим (Музеј на Македонија)

Конзервација на предмети:
Горан Стојаноски

Студенти соработници:
Иван Сарашов, Тијана Ана Спасовска, Сашко Василевски, Паскал Рот, Дариа Квјатовски, Џиада Пироне, Леа Деленбах, Дујгу Сарачоглу, Христијан Петровски, Сесил Бетшарт, Касимир Албрехт, Луис Ален, Коралин Дерада, Лукреција Роси, Кристијан Блажевски, Каролине Верли, Ратко Стојоски, Дијана Ѓурчиноска, Маја Богоева, Борис Чаушевски Ранковиќ, Рафаел Гу
Стела Гонсиор, Јелена Спиревска, Јаромир Коварник, Јиржи Бумерл, Вероника Комаркова, Дамјан Илиев, Сашо Кировски, Иван Коцев, Ивана Вучиќ, Патрик Фоли и Либор Вобејда

Соработници од Славеј и Врбјани:
Злате Коруноски, Менде Јосифоски, Сашо Јосифоски, Панајот Петрески, Гоце Котески и Зоран Колчакоски

Организатори на концерти:
Гоце Бојкоски и Снежана Ристеска (Прилепски џез викенд) и Гоце Наумов (Центар за истражување на предисторијата)

Архитектонски проект на археопарк:
Павел Вељановски (Универзитет Американ Колеџ во Скопје)

Видео филмови за Врбјанска Чука:
Диме Ратајковски (Македонска радио телевизија), Никол Хјуит, Вида Гузмиќ и Иван Слипчевиќ (Универзитет во Загреб) и Христијан Талевски (Институт за старословенска култура)

Финансиска поддршка:
Министерство за култура, Фондација за истражување и заштита на тумбите, Универзитет во Базел, Германски археолошки институт, Шпански национален совет за наука, Ајнштајнова фондација во Берлин, Универзитет во Берн, Универзитет во Јужна Бохемија и Општина Кривогаштани

Благодарност до:
Злате Коруноски, Жаклина Коруноска, Бојана Коруноска, Теа Коруноска, Зоран Колчаковски, Горан Шоргиќ, Менде Јосифоски, Ели Милошеска, Тони Заткоски, Горан Цуцулески и Бранислав Ристески.



Дел од археолошкиот тим во 2022 година
(фото: Раул Сотерас)

Литература за Врбјанска Чука:

- Antolín, F.; Sabanov, A.; Naumov, G. and Soteras, R. 2020. Crop choice, gathered plants and household activities during the beginnings of farming in the Pelagonia valley (North Macedonia). *Antiquity* 94 (376), 2020, E21.
- Antolín, F., Sabanov, A., Soteras, R., Dimitrijević, V. and Naumov, G. 2021. House taskscapes in the Early Neolithic of the Pelagonia Valley: micro-refuse analyses. First results of the campaign 2019. *eDAI-F 2021-2*: 1–15.
- Beneš, J.; Naumov, G.; Majerovičová, T.; Budilová, K.; Živaljević, I.; Dimitrijević, V.; Bumerl, J.; Komárková, V.; Kovárník, J.; Vychronová, M. and Stefanović, S. *in press*. Onsite Bioarchaeological Knowledge of the Neolithic settlements in the Balkans: The case of Vrbjanska Čuka, a tell-site in Pelagonia, Republic of Macedonia. *Interdisciplinaria Archaeologica Natural Sciences in Archaeology* 9 (1): 121-145.
- Blaženska, Z. and Nazim, J. 2022.Textile Production in Some Early Neolithic Settlements in North Macedonia. In Ulanowska, A.; Grömer, K.; Vanden Berghe, I. and Öhrman, M. (e *Ancient Textile Production from an Interdisciplinary Perspective: Humanities and Natural Sciences Interwoven for our Understanding of Textiles*: 71-90. Cham: Springer.
- Dimitrijević, V.; Naumov, G.; Fidanoski, Lj. and Stefanović, S. 2021. A String of Marine Shells from the Neolithic Site of Vršnik (Tarinci, Ovće Pole) and Other Marine Shell Ornaments in the Neolithic of North Macedonia. *Anthropozoologica* 54/4: 57-70.
- Jovanović, J., Blagojević, T., Marković, J., Novak, M., Bedić, Željka, Naumov, G , Stojanova Kanzurova, E., Los, D., Hutinec, M., Fidanoski, L., Skelac, G., Šlau M., & Stefanović, S. (2021). New Radiocarbon Dates, Stable Isotope, and Anthropological Analysis of Prehistoric Human Bones from the Balkans and Southwestern Carpathian Basin. *Documenta Praehistorica* 48: 224–251.
- Китаноски, Б. 1989. Врбјанска Чука. *Arheološki pregled 1987*: 47 - 48.
- Kitanoski, B., Simoska, D. and Jovanović, B. 1990. Der kultplatz auf der fundstatte Vrbjanska Cuka bei Prilep. In Srejović, D. and Tasić, N. (eds.) *Vinča and its World. International Symposium The Danubian Region from 6000-3000 BC*: 107-112. Beograd: Serbian Academy of Science and Arts, Centre for Archaeological Research, Faculty of Philosophy. Beograd: Bigz.
- Mazzucco, N.; Sabanov, A.; Antolín, F.; Naumov, G.; Fidanoski, L.; Gibaja, J. 2022. The spread of agriculture in south-eastern Europe: New data from North Macedonia. *Antiquity* 96 (385): 15-33.
- Миткоски, А. 2005. Врбјанска Чука кај селото Славеј, Прилепско. *Зборник на Музеј на Македонија* 2: 33-46. Скопје.
- Mitkoski, A. and Naumov, G. 2007. Neolithic Structure of Possible Ritual Significance from The Republic of Macedonia. *PAST* 58: 8-9. London.

- Naumov, G. 2013. Embodied houses: social and symbolic agency of Neolithic architecture in the Republic of Macedonia. In Hoffman, D. and Smyth, J. (eds.) *Tracking the Neolithic house in Europe - sedentism, architecture and practice*: 65 – 94. New York: Springer.
- Наумов, Г. 2015. *Неолитски фигурини во Македонија*. Скопје: Магор.
- Naumov, G. 2016. Tell communities and wetlands in the Neolithic Pelagonia, Republic of Macedonia. *Documenta Praehistorica* 43: 327-342.
- Naumov, G. 2020. Domestication of Tells: settlements of the first farmers in Pelagonia. In Blanco Gonzales, A. and Kienlin, L. T. (eds.) *Current approaches to tells in the prehistoric Old World*: 111-124. Oxford: Oxbow Books.
- Naumov, G. 2020. Neolithic wetland and lakeside settlements in the Balkans. In Hafner, A.; Dolbunova, E.; Mazurkievich, A.; Pranckenaite, E. and Hinz, M. (eds.) *Settling Waterscapes in Europe: The Archaeology of of Neolithic-Bronze Age Pile-Dwellings: 111-136.* Bern and Heidelberg: Propylaeum.
- Naumov, G. 2023. Calibrated chronology of the Neolithic tells in Pelagonia. Marić, M. (ed.) *Relatively Absolute: Absolute and Relative Chronologies of the Neolithic Period in Southeast Europe*: 41-66. Belgrade: Institute for Balkan Studies.
- Naumov, G. and Petrova Mitevska, E. 2022. Social Change and Elites in the Prehistoric Central and Southern Balkans. In Gyucha, A. and Parkinson, W. (eds) *First Kings of Europe: From Farmers to Rulers in Prehistoric Southeastern Europe*: 26-41. Los Angeles: Cotsen Institute of Archaeology Press.
- Naumov, G. and Reingruber, A. 2024. Dating the Early Neolithic in Pelagonia: closing a chronological gap in Balkan prehistory. *Documenta Praehistorica* 51: 118 – 146.
- Naumov, J., Jan J. and Chvojka, O. 2017. Geophysical scanning of prehistoric tells in Central Pelagonia. In Fidanoski, Lj. and Naumov, G. (eds.) *Neolithic in Macedonia II: step forward in the study of the first farming societies*: 161-180.
- Наумов, Г.; Миткоски, А.; Мургоски, А; Бенеш, Ј.; Милевски, Ѓ.; Пшибила, М.; Комаркова, В. Вихронова, М. и Стоимановски, И. 2016. Истражување на Врбјанска Чука кај Славеј - 2016. *Патримониум* 14: 13-42. Скопје.
- Наумов, Г.; Миткоски, А.; Мургоски, А. и Милевски, Ѓ. 2017. Рекогносцирање на предисториски локалитети во Северна Пелагонија. *Патримониум* 15: 11-36.
- Наумов, Г.; Миткоски, А.; Талевски, Х.; Мургоски, А.; Думурџанов, Н.; Бенеш, Ј.; Живаљевиќ, И.; Пендиќ, Ј.; Стојаноски, С.; Хибаха, Х.; Masуко, Н.; Хафнер, А.; Зидат, С.; Димитриевиќ, В.; Стефановиќ, С.; Будилова, К.; Вихронова, М.; Мајеровичова, Т. и Бумерл. Ј. 2018. Истражување на локалитетот Врбјанска Чука во 2017 година. *Balcanoslavica* 47 (1): 253-285.


- Naumov, G.; Mitkoski, A. and Talevski, H. 2018. Excavation Season in 2018 at VrbjanskaČuka tell in Pelagonia, in Fidanoski, Lj. and Naumov, G. (Ed) *Neolithic in Macedonia: Challenges for New Discoveries*: 35–55. Skopje: Center for Prehistoric Research.
- Naumov, G., Mitkoski, A., Murgoski, A., Beneš, J., Milevski, Đ., Przybila, M., Komarkova, V., Vychronova, M. and Stoimanovski, I. 2018. Archaeological research on the site Vrbjanska Čuka near Slavej (Republic of Macedonia) - 2016. *Archaeologica Adriatica* 12: 99-141.
- Наумов, Г.; Миткоски, А.; Талевски, Х.; Стојановски, Д.; Стаматоска, П. и Ковачевски, З. 2021. Истражување на локалитетот Врбјанска Чука кај Славеј во 2019 година. *Macedonia Acta Archaeologica* 23: 43-66. Скопје.
- Naumov, G., Mitkoski, A., Talevski, H., Anvari, J., Przybila, M., Stojanovski, D., Antolín, F., Sabanov, A., Živaljević, I., Dimitrijević, V., Gibaja, J., Mazzucco, Milevski, G., Dumurđanov, N., Pendić, J., Blaženska, Z., Stefanović, S. 2021. Early Neolithic tell of Vrbjanska Čuka in Pelagonia. *Praehistorische Zeitschrift* 96 (2): 345-381.
- Naumov, G.; Mitkoski, A.; Talevski, H. and Stojanovski, A. 2022. Fieldwork Research on the Archeological Site Vrbjanska Čuka (Pelagonia) in 2020 and 2021. In Fidanoski, Lj. and Naumov, G. (eds.), *Neolithic in Macedonia. Recent research and analyses*: 105 – 129. Skopje: Center for Prehistoric Research.
- Наумов, Г.; Миткоски, А.; Георгиев, Д.; Мачковска, В.; Крстески, В.; Талевски, Х.; Фросард. Д.; Антолин, Ф.; Хајдас, И. и Сабанов, А. 2023. Истражување на археолошкиот локалитет Врбјанска Чука кај Славеј (Пелагонија) во 2022 и 2023 година. *Патримониум* 21: 345 – 368.
- Наумов, Г.; Георгиев, Д.; Мачковска; Антолин, Ф.; Сабанов, А. и Фросард. Д. 2024. Истражување на археолошкиот локалитет Врбјанска Чука во 2024 година. *Патримониум* 22: 15 - 42.
- Sabanov, A., Antolín, F., Naumov, G. and Soteras, R. 2022. The use of plants and domestic spaces in the Early Neolithic Pelagonia Valley. Preliminary results of the integrated archaeobotanical and micro-refuse approach. In Fidanoski, Lj. and Naumov, G. (eds.) *Neolithic in Macedonia: Recent Research and Analysis*: 89-104.
- Sabanov, A.; Soteras, R.; Hajdas, I.; Naumov, G. and Antolín, F. 2022. New research in crop diversity of the early farmers in Southeastern Europe (ca. 6400-5700 BC). *Vegetation History and Archaeobotany* 32 (4): 1-12.
- Stojanovski, D., Živaljević, I., Dimitrijević, V., Dunne, J., Evershed, R., Balasse M., Dowle, A., Hendy, J., Fischer, R., Speller, C., Jovanović, J., Casanova, E., Knowles, T., Balj, L., Naumov, G., Putica, A., Starović, A., Stefanović, S. 2020. Living off the land: Terrestrial based diet and dairying in the farming communities of the Neolithic Balkans. *PLOS One* 15(8): 1-18.

– Темелкоски, Д. и Миткоски, А. 2005. Типови неолитски жртвеници во праисториската збирка на Заводот и музеј – Прилеп. *Зборник на Музејот на Македонија* 2 (археологија): 47 - 56.
– Темелкоски, Д. и Миткоски, А. 2005. Садова керамика од Врбјанска Чука. *Macedoniae Acta Archaeologica* 16: 29 – 53. Скопје.



Археолошката сонда на Врбјанска Чука
(фото: Раул Сотерас)


ИЛУСТРАЦИИ



Позиција на Врбјанска Чука во Пелагонија




Археолошката сонда во 2018 година (фото: Христијан Талевски)







Мапа од геофизичко скенирање и 3D модел базиран на неа
(илустрација: Марчин Пшибила и Ивица Стоимановски)




Дигитални елевациски модели на тумбата
(илустрации: Ѓоре Милевски и Христијан Талевски)



Хронолошка секвенца на градбите во Врбјанска Чука
(графикон: Гоце Наумов)




Технички приказ на западниот профил на Врбјанска Чука и план на Градба 1
(цртежи: Александар Миткоски; обработка: Гоце Наумов)








3D модели на археолошката сонда, како и на печка и сандаци во Градба 2, и на амбар со сандаци во Градба 1
(Илустрации: Христијан Талевски и Југослав Пендиќ)





3D модели на археолошката сонда со посочена Градба 2
(ласерско скенирање: Зоран Ковачевски;
фотограметрија: Христијан Талевски)




Дронска ортофотографија на сондата со означена позиција на градби од различни неолитски хоризонти - црвени: постари и сини: помлади (ортофото: Христијан Талевски; обработка: Гоце Наумов)



Неолитски керамички садови
(фото: Александар Миткоски и Гоце Наумов)




Неолитски модели, жртвеници, лепчиња и лабрета
(фото: Александар Миткоски и Гоце Наумов)



Неолитски антропоморфни и зооморфни фигурини
(фото: Александар Миткоски и Гоце Наумов)



Неолитски алатки од камен и коска
(фото: Александар Миткоски, Гоце Наумов и Николо Масуко)



Резултати од археоботанички анализи на житарици и мешункасти растенија
(графикон: Амалиа Сабанов; фото: Раул Сотерас)





Археоботанички анализи и флотација во просториите на музејот
(фото: Раул Сотерас и Феран Антолин)





Дел од археолошкиот тим во 2020 и 2021 година
(фото: Коста Дупчинов и Раул Сотерас)

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

903.4(497.784/.785)"634"(083.824)

НАУМОВ, Гоце
Врбјанска Чука : зрно по зрно, погача / [автор на изложбата, дизајн на изложбата, каталогот и плакатот Гоце Наумов]. - Прилеп : НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2025. - 64 стр. : илустр. ; 25 см

Сорботници на изложбата: Оливера Јандреска, Владимир Крстески и Душко Темелкоски. - Литература за Врбјанска Чука: стр. 43-46

ISBN 978-608-4511-15-1

а) Врбјанска Чука (археолошки локалитет) -- Неолитска населба -- Мултидисциплинарни истражувања -- Пелагонија -- Каталози од изложби

COBISS.MK-ID 67142405

